Врз основа на член 192 став (5) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 135/2025, 267/2025 и 132/2026), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, на ден 23.06.2026 година, ја донесе следната:

**ПРЕДЛОГ- Методологија**

**за процена на профилот на ризик на добавувачи и производители на мрежна опрема**

Предмет

Член 1

Со оваа Методологија се утврдува процена на профилот на ризик на добавувачи и производители на мрежна опрема, за критични компоненти и чувствителни делови во електронските комуникациски мрежи идентификувани во Листа на критични компоненти и чувствителните делови на електронските комуникациски мрежи која ја донесува Директорот на Агенцијата.

Цел

Член 2

Целта на оваа Методологија е ублажување на ризиците по мрежната безбедност, од добавувачи и производители што се сметаат за високо ризични, согласно со деталната процена на профилот на ризик на национално ниво на сите релевантни добавувачи и производители на мрежна опрема кај операторите.

Член 3

Агенцијата за електронски комуникации периодично изработува детална процена на профилот на ризик за добавувачи и производители на мрежна опрема кај операторите. При процената ќе ги земе особено во предвид следните фактори:

- дали добавувачите и производителите се под надзор на влада на друга држава без независна судска контрола,
- дали добавувачите и производителите имаат јавно достапни информации за нивните основачи, деловни соработници, како и за органите на управување и раководење,
- дали добавувачите и производителите поддржуваат иновации и ги почитуваат авторските и сродните права, како и правата од индустриска сопственост,
- дали добавувачите и производителите се финансираат транспарентно, согласно со најдобрите практики за набавки, инвестиции и склучување на договори.

Член 4

На барање на Агенцијата, операторите се должни да достават информација и податоци за критични компоненти и чувствителни делови за електронската комуникациска мрежа, согласно објавената Листа на критични компоненти и чувствителните делови на електронските комуникациски мрежи која ја донесува Директорот на Агенцијата, во рок од 15 дена од денот на прием на барањето.

За цели поврзани со планови за набавување на опремата за електронските комуникациски мрежи, операторот може да достави Барање за процена на профил на ризик на производител или добавувач на мрежна опрема до Агенцијата.

Информацијата треба да ги содржи следните податоци за производител и/или добавувач за секоја од критичните компоненти и чувствителни делови од електронската комуникациска мрежа:

- земја-седиште,
- информации дали се јавно достапни податоците за нивните основачи, деловни соработници, како и за органите на управување и раководење,
- информации дали поддржуваат иновации и ги почитуваат авторските и сродните права, како и правата од индустриска сопственост

- информации дали се финансираат транспарентно, согласно со најдобрите практики за набавки, инвестиции и склучување на договори

Член 5

Врз основа на доставените податоци од Член 4, Агенцијата за електронски комуникации во рок од 15 дена ќе побара мислење од надлежно тело за заштита на национална безбедност (Агенција за национална безбедност) дали производителите и добавувачите се под надзор на влада на друга држава без независна судска контрола и претставуваат ризик за националната безбедност.

Агенцијата за национална безбедност е должна да го даде своето мислење во рок од 30 дена од приемот на барањето.

Член 6

Врз основа на мислењето од член 5, производителите и добавувачите кои се под надзор на влада на друга држава без независна судска контрола и/или претставуваат ризик за националната безбедност Агенцијата за електронски комуникации ќе ги оцени како високо ризични.

Агенцијата ќе ги оцени како високо ризични производителите и добавувачите и доколку утврди дека:

- добавувачите и производителите немаат јавно достапни информации за нивните основачи, деловни соработници, како и за органите на управување и раководење,
- добавувачите и производителите не поддржуваат иновации и не ги почитуваат авторските и сродните права, како и правата од индустриска сопственост,
- добавувачите и производителите не се финансираат транспарентно, согласно со најдобрите практики за набавки, инвестиции и склучување на договори.

Член 7

Врз основа на доставените информации од член 4 и 5, а во врска со член 6 Агенцијата за електронски комуникации во рок од 45 дена ќе изготви детална

Процена на профилот на ризик на национално ниво на сите релевантни добавувачи и производители на критични компоненти и чувствителни делови за електронската комуникациска мрежа, која ќе ја објавува на својата веб страна.

Процената на профил на ризик од став 1 од овој член ќе се ажурира и по Барање за процена на профил на ризик на производител или добавувач на мрежна опрема доставено од страна на оператор, а во врска со планови за набавување на опремата за електронските комуникациски мрежи.

Завршни одредби

Член 8

(1) Со денот на влегување во сила на оваа Методологија за процена на профилот на ризик на добавувачи и производители на мрежна опрема, престанува да важи Методологијата за процена на профилот на ризик на добавувачи и производители на мрежна опрема (Службен весник на Република Северна Македонија број 96/22).

(2) Методологијата за процена на профилот на ризик на добавувачи и производители на мрежна опрема влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија".

(3) По влегувањето во сила оваа Методологија ќе се објави на веб страната на Агенцијата.

Бр. 1807-1737/2

25.06.2026 година

Скопје

Директор,

Nusret Haliti

Изготвиле:

Sevdali Selmani

Дафина Пауновска